УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено: 16.1.2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	5911		

До: Универзитет за информатички науки и технологии Св. Апостол Павле-Охрид

Архивски број 0306
Рок на чување:
20 година
Потпис,

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
(опис на информацијата која се бара)

- Правилник за исплата на плати, надоместоци и додатоци на плати за вработените на универзитетот
- Последната одлука на Сенатот на универзитетот со која се изменети платите и додатоците

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
-(г) електронски запис
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во 16,01, година, 2025

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Телефон: +38946511000
Телефакс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид

Бр. 03-59/2
Охрид, 3.2 2025 год.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник“ бр. 101/2019), а во врска со поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, арх. бр. 03-59/1 од 16.01.2025 година, Ректорот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, проф. д-р Иван Бимбиловски, на ден 03.02.2025 година го донесе следново

РЕШЕНИЕ
За позитивен одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, арх. бр. 03-59/1 од 16.01.2025 година

1. Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот), како имател на информации од јавен карактер, подготвува и доставува позитивен одговор на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, арх. бр. 03-59/1 од 16.01.2025 година.
2. Универзитетот, во законски предвидениот рок, позитивниот одговор на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе го достави до барателот – [redacted] преку службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на универзитетот, со што на барателот веднаш му овозможува запознавање со содржината на бараната информација.
3. Одговорот на барањето е даден во прилог на ова решение и е составен дел од ова решение.
4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

Образложение

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид преку службената е-маил адреса contact@uist.edu.mk прими Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, арх. бр. 03-59/1 од 16.01.2025 година. Барателот, [redacted] ја побара следната информација од јавен карактер:

„ Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

- Правилник за исплата на плати, надоместоци и додатоци на плати за вработените на универзитетот

- Последната одлука на Сенатот на универзитетот со која се изменети платите и додатоците

Согласно одредбите одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник“ бр. 101/2019), универзитетот утврди дека може позитивно да одговори на барањето, од кои причини реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Барателот на информациите од јавен карактер има право на жалба против ова решение во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ректор

Проф. д-р Иван Бимбиловски

Доставено до: Архива
Барател,
Службено лице за посредување со инфор. од јавен карактер,

Телефон: +38946511000
Телефакс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид

Бр. 03-59/3
Охрид, 4.2 2025 год.

До
[redacted]

Предмет: Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер
Од: Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, ул. Партизанска, бб, 6000 Охрид

Почитуван,

Постапувајќи по Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид во законски предвидениот рок донесе Решение за позитивен одговор на барањето арх. бр. 03-59/1 од 16.01.2025 година согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник" бр. 101/2019) и ја дава следнава информација од јавен карактер:

Во однос на барањето за Правилник за исплата на плати, надоместоци и додатоци на плати за вработените на универзитетот, Ве информираме дека бараната информација веќе постои и е достапна за јавноста на Веб страна на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид на следниот линк: https://uist.edu.mk/legal-acts/

Во прилог на овој договор Ви доставуваме последна Одлука за измена и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци од плата на вработените на Универзитетот за инфорамтички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид арх. бр. 02-801/12 од 10.12.2024 година.

Со почит,

Ректор

Проф. д-р Иван Бимбиловски

Доставено: Архива
[redacted]